**Одлука бр.3**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на котизацијата за организација на турнири од Календарот на ТФСМ и календарите на ТЕ и ИТФ во 2026 година**

**I. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон ТФСМ:**

**Член 1**

1. **Котизацијата за организација на зимските турнири, изнесува:**
   - Котизацијата за организација на турнирите која ја фактурира ТФСМ до клубовите организатори на зимски турнири (Црвен и Портокалов и Зелениот Тенис), е флексибилна и зависи од бројот на учесниците, односно од висината на собраните средства кои клубот организатор ги собрал од учесниците и истатата е во висина од 20% од собраните приходи.
   - Во истите фактури ставката котизација по учесник на ЗОПМ изнесува 200 денари по учесник, односно 100 денари по учесник за Зимските турнири за Портокалов и Зелен Тенис.
   - Клубовите организатори се обврзани да обезбедат соодветен терен согласно тениските стандарди, потребна светлина и потребна топлина која нема да биде пониска од 10 С степени.

2. **Котизацијата за организација на Отворени првенства, државните првенства и мастерс турнирите во категориите до 12, 14, 16 и до 18 години и за ветерански турнири, изнесува:**
   - За турнири од летниот календар 10.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.
   - За организација на мастерс турнирите во јуниорска конкуренција изнесува 10.000,00 денари
   - За организација на екипните првенства во јуниорска конкуренција изнесува 10.000,00 денари
   - Доколку во истиот период на иста локација се организираат турнири за ветерани и ветеранки котизацијата ќе биде 12.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.
   - Котизацијата за организација на Отворени првенства и Државните првенства во категорија Ветеранки каде се организираат само ветеранки од летниот календар изнесува 5.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.

3. **Котизацијата за организација на Отворени првенства и Државните првенства во категорија Мажи и жени изнесува:**

   а. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија Мажи и Жени со награден фонд **до 61.500,00 денари (нето) изнесува**:
      - За турнири од летниот календар 11.000,00 денари +300 денари по учесник во поединечна конкуренција.

   б. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија Мажи и Жени со награден фонд **од 61.501,00 денари (нето) до 123.000,00 денари (нето)** изнесува:
      - За турнири од летниот календар 12.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција.

   в. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија Мажи и Жени со награден фонд **над 123.001,00 денари (нето)** изнесува изнесува:
      - За турнири од летниот календар 13.000,00 денари + 400 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.

4. **Котизацијата за организација на Портокаловите и зелените турнири изнесува:**
   - Котизацијата за организација на национални ЦРВЕНИ И ПОРТОКАЛОВИ (мини и миди тенис) турнири изнесува 5.000,00 денари + 100 денари по учесник.
   - Котизацијата за организација на национални ЗЕЛЕНИ ТУРНИРИ турнири изнесува 7.000,00 денари + 150 денари по учесник.

**II. Котизации за организација на меѓународни турнири од Календарите на; ТЕ, ИТФ, АТП и ВТА**

**Член 2**

**А. Турнири од календарот на Теннис Европа (Tennis Europe):**

- Котизацијата за организација на меѓународни турнири од ТЕ Календарот во категориите 12, 14 и 16 години изнесува 400 евра (во денарска против вредност на денот на фактурирање).
- Организаторите на меѓународни турнири од ТЕ Календарот во категориите 12, 14 и 16 години треба да платат и по 20 евра (во денарска против вредност на денот на фактурирање) од тенисер кој учествувал на турнирот согласно новиот систем кој го воведе Теннис Европа а за кој клубовите организатори се веќе информирани од Теннис Европа. Оваа наплата ќе биде извршена по добивање на фактурата од Теннис Европа а ТФСМ износот ќе го фактурира на клубот организатор. Овие средства ќе бидат поделени по: 75% кон Теннис Европа и 25% кон ТФСМ.
- По добивањето на фактурата од Теннис Европа за организација на дополнителни турнири истата ќе биде поделена на сите клубови кои организирале турнир од Календарот на Теннис Европа односно поделена со бројката на организирани турнири.

**Б. Турнири од календарот на ИТФ (International Tennis Federation):**

- Котизацијата за организација на меѓународни турнири од ИТФ Календарот во категории до 18 години изнесува 400 усд (во денарска против вредност на денот на фактурирање).
- Организаторите на меѓународни турнири од ИТФ Календарот во категории до 18 години треба да платат и по 15 усд (во денарска против вредност на денот на фактурирање) од тенисер кој учествувал на турнирот согласно новиот систем кој го воведе ИТФ а за кој клубовите организатори се веќе информирани од ИТФ. Оваа наплата ќе биде извршена по добивање на фактурата од ИТФ а ТФСМ износот ќе го фактурира на клубот организатор. Овие средства ќе бидат поделени по: 75% кон ИТФ и 25% кон ТФСМ.
- Доколку биде добиена фактурата од ИТФ за организација на дополнителни турнири истата ќе биде поделена на сите клубови кои организирале турнир од Календарот на ИТФ односно поделена со бројката на организирани турнири.

**В. Останати меѓународни турнири:**

- Котизацијата за организација на меѓународни турнири од Теннис Европа Календарот во категории Ветерани изнесува 6.000,00 денари. Тениските клубови организатори на меѓународни турнири од ТЕ Календарот за Ветерани ја плаќаат и котизацијата кон Теннис Европа определена од нивна страна преку ТФСМ.
- Котизацијата за организација на професионални турнири од ИТФ, АТП и ВТА изнесува 10.000,00 денари. Тениските клубови организатори на професионални турнири од ИТФ, АТП и ВТА ја плаќаат и котизацијата кон ИТФ, АТП и ВТА определена од нивна страна преку ТФСМ.

**Член 3**

Во случај **на откажување на организација** на меѓународни турнири или професионален турнир, клубот кој аплицирал за организација на истиот ја плаќа и казната која ќе ја одредат ТЕ, ИТФ, АТП или ВТА преку ТФСМ, а истата се движи **од 2000 до 5000 американски долари.**

**Член 4**

Тениските клубови кои се организатори на турнирите од календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ наредниот ден по завршувањето на турнирот односно по добивање на соодветна фактура.

**Член 5**

Тениските клубови кои се организатори на меѓународните турнири согласно член 2 од оваа одлука се должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ веднаш по добивањето на фактурата од ТФСМ не подоцна од 5 дена по добивање на соодветната фактура.

**Член 6**

ТФСМ назначува делегат/врховен судија. ТФСМ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на ТФСМ.

Клубот организатор назначувва 2 помошници на делегатот/врховен судија за турнирите од Портокалов и зелен тенис а помошник на овие турнири може да биде секој тренер едуциран и лиценциран за тековната година со минимум ниво Играј тенис во клубот организатор. Исплатата на помошниците ја врши клубот организатор на турнирот.

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
1
Скопје